**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
23. VII. 1967

**Пет мислења за изложбите во Работничкиот универзитет**

# СИТЕ ВЕЛАТ ВОНРЕДНО!

## МИСЛЕЊА НА СТОЈАН ЌЕЛИЌ, КЕНЕТ СМИТ, ДЕНИС БОВЕН, АЛЕКСАНДАР БАСИН И КАТЕРИНА АМБРОЗ

**Како гости на годинашнава „Средба на солидарноста" деновиве во Скопје престојуваат пет истакнати ликовни уметници и ликовни теоретичари и есеисти: Стојан Ќелиќ од Белград Катерина Амброзиќ од Белград, Александар Басин од Љубљана и Денис Бовен и Кенет Куц Смит од Лондон.**

■ Сите нив ги запрашавме за впечатокот што им го оставија изложените дела од македонските уметници, а исто така ги запрашавме и за значајот на Музејот на современата уметност во Скопје.

**СТОЈАН ЌЕЛИЌ:** — Во последните неколку години старата македонска ликовна генерација им ја предаде ликовната „штафета" на младите уметници кои успеаја да го најдат своето „место под сонцето" не само во рамките на југословенската, туку и во рамките на светската современа ликовна уметност.

— Во врска со второто прашање би сакал да нагласам дека Скопје е единствениот југословенски град што успеа да создаде колекција на творби од најпознатите југословенски и светски уметници. На ова на Музејот на современата уметност треба да му завидуваат сите.

**КЕНЕТ СМИТ:** — Постојната изложба „Современи македонски уметници — актуелни тенденции" е мошне интересна. Особено ме импресионира поезијата што обилува во творбите на македонските ликовни уметници. За вашиот скулптор **Петар Хаџи-Бошков** јас мислам дека е од светска класа и може да излага во сите галерии на светот. Од сликарите најголем впечаток ми остави **Ди... гар Кондевски**, кој за жал не е застапен на оваа изло... ба а јас неговите творби ги познавам уште од пред д... години.

— Музејот на современата уметност во Скопје е и... ституција што треба да биде поздравена од секого.

**ДЕНИС БОВЕН:** — Македонските ликовни уметни... имаат богата традиција, ако во таа традиција пред сé посочиме фреските во македонските манастири и резба... во црквата „Св. Спас". Лично мене како на ликовен уме... ник и теоретичар од македонските уметници најснаж... впечаток ми оставаат творбите на **Петар Мазев**. Со т... не сакам да го истакнам само Мазев оти сите творби и... ложени на оваа изложба, со мали исклучоци ми остава... снажен впечаток. Сакам да истакнам дека во современа... македонска уметност недостасуваат уште две компонент... на модерната уметност: кинетика и оптика.

— Колекцијата на Музејот на современата уметно... во Скопје содржи дела со врвни ликовни квалитети. Ја... сум убеден во тоа дека за неколку години колекцијата н... Музејот на современата уметност ќе биде ценета и поз... ната во целиот свет.

● **Катерина Амброзиќ и Александар Басин, познат... југословенски ликовни теоретичари, исто така, истакна... дека колекцијата на Музејот на современата уметност в... Скопје уште сега претставува големо ликовно богатство.**

**Т. Ширило**